



Татјана Горичева



# Светост и Стварност



## Општество на надинформација

Живееме во век којшто оправдано е наречен епоха на информацијата.

И како што аграрното општество беше заменето со индустриско, така индустриското беше заменето со информатичко. Џон Незбит (John Naisbitt) (1) смета дека ние живееме во општество на информација почнувајќи од 1957 г., кога е лансиран првиот сателит. Оттогаш сателитите го овозможија создавањето на светската комуникациска мрежа. На економски план таа дата може да се помести за една година: 1956 г. „за првпат поголемиот дел од човештвото не беше ангажиран во производството туку во сферата на информирањето“.

Има христијански автори коишто за ерата на информацијата и за нејзиниот развој пишуваат со занес: „Информацијата е победа на формата над материјата“ (Pierre Babin, "L'ere de la communication" 1986). Пјер Бабен смета дека материјализмот е победен бидејќи настапува ера во којашто повеќе не е важен предметот туку неговата амбалажа, во којашто рекламата на производот е поважна од самиот производ. „Спектаклот стана поважен од стварноста“, задоволно констатира Бабен.





*Човекот е претворен во суштество коешто е ненаситно, нестрпливо, коешто постојано сака да стекнува. Купува, зема, исчезнува во купот производи, предмети и грижи.*



***Кратка биографија на Татјана Горичева:***

*Родена е во Ленинград во 1947 година. На 26 г. возраст му пријде на Православието. Писателка и филозоф. Автор на самиздатот. Жена на В. Б. Кривулин. Коуредник на самиздатското (независното) списание „37“. Учесничка на феминистичкото движење во Ленинград. Ги уредува самиздатските списанија „Жената и Русија“ и „Марија“. Во 1980 е протерана од СССР за време на Олимпијадата. Живее во Франција. Студира на католичкиот институт на Св. Георгиј (Франкфурт на Мајна), на православниот богословски институт на Св. Сергеј во Париз. Посетува предавања на Сорбона. Го уреди алманахот „Беседи“. По 1985 г. се врати во Русија и живее во Петербург.*



Нему му се чини дека ние, победувајќи го на тој начин материјализмот, (а стварноста и е ствар, материја), доаѓаме до христијанската Ренесанса, до ренесанса на мистицизмот. На местото на материјата доаѓа чиста форма. Очигледно дека авторот смета дека христијанската духовност е поблиска до бајката и митот отколку до „презрената“ стварност.

Но тоа е лажен, псевдоромантичен поглед на Христијанството. Христијанството секогаш се повикувало на вистината (‘Јас сум Вистината’) и во повисока смисла било духовен Реализам, иако и тој реализам често добивал најегзотични облици (*Фантастичниот реализам* на Достоевски).



На Бабен му се чини дека во општеството на информацијата ќе се воспоставaт сеопшти врски на секој со секого, и дека на крајот ќе победи не пресметката, туку комуникацијата. Можеме ли да бидеме еднакво оптимистични како и тој? Новата ера сè уште не ни започнала, а веќе се забележуваат опасностите со коишто таа се заканува. Да се сетиме на митот што го создадоа следбениците на Ориген: првите луѓе си заминаа од рајот бидејќи им стана досадно, бидејќи се презаситија од Бога. Наводно, нив до гревот ги довел „вишокот“ на благодат. Така и ние денес се одвојуваме од стварноста заради вишокот информации. Секако, вишокот не значи и недостиг; и при речиси целосно отсуство на информации, а тоа е денес сè уште можно, на пример, во Советскиот Сојуз, каде што владее идеологијата и нејзиниот мит, вишокот би можел да претставува вистинско богатство. Но колку често наместо своето богатство да го користи за усовршување на самиот себеси и на светот во којшто живее, човекот од Запад станува негов роб.

Во надинформацијата се губи информацијата, бидејќи ја има премногу, А човекот, којшто е изморен и не е во состојба да избира, избира „премалку“. Човекот не може повеќе да го разликува важното од не важното, реалното од иреалното. За него сè е илузија, сè е како покривката на Маја. Тој не живее, го симулира животот; се губи себеси во екстаза, но не екстаза на мистиката туку на иреалното. Точна анализа на оваа појава дава францускиот социолог Жан Бодријар: „Симулацијата е екстаза на реалното.

Земете ја дури и телевизијата: реалните случувања таму се наоѓаат во извесен однос на екстаза, т.е. во облик којшто предизвикува вртоглавица, којшто е стереотипен, и реален и се повторува самиот себе. Тој облик и ја овозможува таа бесмислена и постојана врска“.

Телевизијата се занимава со магијата на самоуништувањето. Бодријар понатаму пишува: „Можеби би требало да се измисли диета од информациите? Да се намали вишокот на маснотии од презаситените системи и да се создаде инстинкт на не-комуникација?“

Однапред треба да се каже дека овде не помагаат никакви институции. Во стварноста единствено може да нѐ врати некаков најреален модус на живеење - а тоа е светоста. Губењето на стварноста може да се објасни и со тоа дека на Запад нема ништо ново. Животот стана премногу удобен, луѓето се навикнаа на вечното повторување. Луѓето на Запад се емигранти во своите сопствени земји. За нив вредностите за коишто тие би биле подготвени да умрат, заради коишто вреди да се живее - повеќе не постојат. Затоа зборот ‘живот’ дури и христијаните го користат само како ознака за физичко преживување.









Губењето на искуството е губење на време. Се случи тоа што порано го имаше само во научната фантастика: времето повеќе не постои, но ни вечноста. „По настанот не следи последица, па личи на *Музиловиот човек без својства*, на тело без органи и на време без спомени“.

Денес секој настан може да се толкува на кој било начин, подложен е на каква било интерпретација. Настанот како да го загуби својот нерв, својата сол, основната смисла. „Од денешниот ден сè што е реално премина во порнографска хиперреалност, сè современо се претвори во ретроспектива, а сета тивка музика на смислата во стереофонија на сигнали...“ „Анонимна неприличност на анкети и статистики. Масите мораат да ги издаваат своите тајни, да го прекинат молчењето и да стапат во иманентниот простор на комуникацијата, каде што се брише дури и минималното значење на погледот. Погледот никогаш не може да биде неприличен, макар што и да зборуваме за тоа“. Бодријар пишува за светот којшто станал проѕирен, но при тоа не станал и јасен. За хегеномијата на погледот во современите градови веќе многу е напишано. И како што велеше Walter Benjamin „не е важно дали одиш лево или десно, мораш да се навикнеш на тоа дека те посматраат и дека и ти, од своја страна, ги посматраш другите“ (W. Benjamin: "Petite histoire de la photographie"). Живееме во општество коешто е проѕирно: видео-камери нè следат во продавниците, банките, превозот.

***И на Запад и на Исток животот е подеднакво „проѕирен“, луѓето имаат исто чувство дека некој ги следи, дека нешто згрешиле, и дека се вечни заложници.***

ХРИСТОС СЕ РОДИ !!!

***Делата на Татјана Горичева:***

***Потрага по загинатите*** *(1982)*; ***За Бога да се зборува опасно е*** *(1983)*; ***Силата на христијанското безумие*** *(1984)*; ***Ќерките на Јов*** *1986*; ***Сила во бессилноста*** *(1987)*; ***Дневник на патешествијата*** *(1989)*; ***Неочекувана радост*** *(1990)*; ***Човекот е во непрестајна потрага по среќата*** *(1990)*; ***Православието и постмодернизмот*** *(1991)*; ***Христијанството и современиот свет*** *(1996)*; ***За обновувањето, екуменизмот, и „политичката образованост“ на верните*** *(1997)*; ***Писма за љубовта*** *(1998)*

Сите се одговорни за сè; оттаму силата на терористите - сите ние сме заложници.
Животот станува сè појавен и појавен. Интимноста во него е редок дар во овој живот лишен од тајни.
Во светот без тајни најмногу страда Црквата. И таа, за жал, станува жртва на сеприсутната јавност и проѕирност.



И таа, за жал, станува жртва на сеприсутната јавност и проѕирност. Современите храмови честопати нè плашат со својата ладнотија: ладнотијата на рамномерната електрична светлина којашто влегува насекаде; ладнотијата на бесчувствителниот, непроживеан збор; ладнотијата на рамнодушните и лицемерно срдечни лица; ладнотијата на лошиот театар, салите за седници, синдикален или партиски состанок.

А потребно е во Црквата да има топол и незабележлив агол за да може во него да се плаче, за молитвата да ја зачува својата топлина и целомудреност, за човекот да не се чувствува како на сцена. Оти единствено Црквата, и на Запад и на Исток, може да се спротивстави на профанацијата на светот, бидејќи таа е сокриена и во својата отвореност, таинствена во едноставноста и очигледноста. Црквата престанува да биде настан, таа се банализира.

## Паразитизам и Креативност

Денес, кога се зборува за потрошувачко општество, се зборува за Западот. Ми се чини дека тоа може да се прошири. Живеејќи и во западниот, капиталистички, и во социјалистичкиот, источен свет ние живееме во потрошувачко општество. На Запад манипулираат со нас од детството: реклами, масмедиуми, општ комформизам на животот. Човекот е претворен во суштество коешто е ненаситно, нестрпливо, коешто постојано сака да стекнува. Купува, зема, исчезнува во купот производи, предмети и грижи.

На Исток, каде што нема што да се рекламира, човекот е не помалку претворен во потрошувач. За него другите мислат, постапуваат, одлучуваат. Не го пуштаат да излезе од состојбата на продолжено детство. Не му даваат да учествува во животот и да одговара за своите постапки. Нема полнолетни, сите личат на немирни деца коишто ги воспитува, казнува, но понекогаш и ги пофалува семожната држава-татко. И на Запад и на Исток животот е подеднакво „прозирен“, луѓето имаат исто чувство дека некој ги следи, дека нешто згрешиле, и дека се вечни заложници.

*А потребно е во Црквата да има топол и незабележлив агол за да може во него да се плаче, за молитвата да ја зачува својата топлина и целомудреност, за човекот да не се чувствува како на сцена.*



*Креативноста е секогаш непосредна. Тоа е зборот и откровението што секој го слуша на својот јазик, без преведувач, без паразит околу себе".*

Паразитизмот е најраспространетиот вид на постоење на оваа планета. Да се зема а да не се дава. Да се паразитира. Во општеството на комуникации шумот е важен елемент. Ефектот на шумот е, повеќе или помалку, врзан за секое научно откритие, за секој создавачки процес. „Пронаоѓачот кога ќе открие нешто продолжува и понатаму да истражува, а врз неговиот изум се фрлаат илјадници паразити, коишто скаменети стојат околу него, додека од пронајдокот не остане ништо. Од настанот се прави објект, енергијата се претвора во струјни мрежи, откритието во систем од односи во којшто секоја информација е проследена од шум на паразити“. „Креативноста - тоа е реткост во светот на паразитите. Креативноста е секогаш непосредна. Пламените јазици што се спуштија врз главите на апостолите на Педесетница - тоа е суштината на креативноста. Тоа е зборот и откровението што секој го слуша на својот јазик, без преведувач, без паразит околу себе“. (2)

***(Крај во следниот број)***